АВГУСТ 2009

# Лист со факти

# Нови правила за безбедност на патот:

## Возачи и јавачи

## Важат од 9 ноември 2009

**MACEDONIAN -** DRIVERS AND RIDERS

Од ноември 2009 ќе има некои промени на правилата за безбедност на патот во Викторија.

**Причина за безбедност на патот**
Промените вклучуваат нови правила за возачите. Возењето е сложена работа, па затоа е важно возачите правилно да се сконцентрираат и да ја споделуваат одговорноста со другите возачи, пешаци, моторциклисти и велосипедисти.

**Нови правила за возачите за безбедност на патиштата**
Иако сите нови патни правила имаат влијание врз возачите, овие правила се дополнителни нови правила за безбедност на патиштата и се однесуваат особено на возачите. Тие правила го опфаќаат следното:

- На крстосница, возачот мора да застане на првата стоп линија и не смее да влезе во просторот за велосипедисти додека на семафорот е црвено светло.
- Ако возач блокира патека за пристап до куќа (driveway), на возачот му се дозволени само две минути да земе или остави патници, и не смее да го остава возилото без никого внатре.
- Возач не смее во скут да има друго лице или животно.
- Ако две возила - на пример велосипед и кола или два моторцикла – се движат во иста обележана лента и едно возило скршнува влево или вдесно во означената лента, возилото што скршнува мора да даде предимство.

**Што вие треба да направите**
Возачите треба да се запознаат со овие нови правила, како и со другите промени на патните правила, и да ги применуваат.

Постапувајќи така, возачите ќе помогнат патиштата да станат побезбедни за нив и за другите корисници на патиштата.

**Често поставувани прашања**

1. Зошто постои ограничување од две минути за земање и оставање патници?

Ограничувањето од две минути му овозможува на возачот да земе или остави патници и истовремено обезбедува дека тие не го блокираат долго пристапот до имоти.

2. Ако во колата има животно, но не ми е во скут, дали тоа треба да биде прицврстено?

Иако нема правило со кое се бара вашето животно да биде прицврстено, RSPCA препорачува:

‘Животно придружник не треба да биде слободно во возило заради негова безбедност и заради безбедноста на патниците и возачот.’

3. Како со кола да ги превезувам моите животни?

RSPCA препорачува користење на соодветна опрема за превоз. Тоа може да биде цврста кутија за мачка или мало животно, регистрирана приколка (trailer) за коњи, или спрега врз седиште за куче.





**Зошто се воведуваат промените?**

Овие промени ќе придонесат на стратегијата на Викториската влада за безбедност на патот *arrive alive 2008-2017*, чија цел е намалување на бројот на сообраќајните несреќи за натамошни 30 проценти до 2017 година.

Преразгледувањето на нашите сообраќајни прописи помага да се обезбеди тие да ги задоволуваат сегашните услови во сообраќајот и им помага на корисниците на патишта да стасаат таму каде што пошле што е можно побезбедно и поефикасно.

Новите правила за безбедност на патот што се воведуваат ќе обезбедат сообраќајните правила да се единствени низ Австралија заради намалување на збунетоста на луѓето кои патуваат во други австралиски држави.

**Повеќе информации**

За повеќе информации за новите патни правила посетете ја интернет страницата на VicRoads на vicroads.vic.gov.au/roadrules или телефонирајте на 1300 360 745.

**Забелешка:**

Поимот “возачи” ги опфаќа и моторциклистите.

*Информациите во овој лист со факти важеа во време на печатењето и се наменети само како упатство.*
*За сите детали околу Road Safety Road Rules (Правила за безбедност на патот) 2009 погледнете на vicroads.vic.gov.au*

S/C 98293
VRPIN02157 - 07.09

Victoria
The Place To Be
arrive alive
vicroads